HALKBANK

**Критериуми за подобност за под-заем**

Освен доколку Банката и Заемопримачот се договорат поинаку, следните критериуми важат за целите на под-заемите:

1. Под-заеми може да се дадат само на Под-заемопримач кој:

   (а) Работи главно во Република Македонија и/или во некоја од земјите на работа на Банката (како што Заемопримачот може од време на време да биде посоветуван од страна на Банката);

   (б) има соодветни стандарди на управување и корпоративно управување во согласност со условите на Заемодавачот, неговата финансиска состојба и соодветно е одобрен како Под-Заемопримач од страна на релевантниот надзорен орган за одобрување кредити на Заемодавачот; и

   (в) доколку мнозинството кое е во сопственост или е контролирано од страна на владин надзорен орган, работи автономно на конкурентен пазар и е предмет на примена на закони за стечај.

2.Секој Под-заем се прави последователно во согласност со условите наведени во збирниот извештај за Под-заем, доставен до Банката, заедно со барањето за исплата во врска со тој Под-заем.

3.Секој Под-заем се користи од страна на Под-заемопримачот исклучиво за целите на своите домашни и меѓународни факторинг аранжмани, финансирање пред испорака, финансирање по ископарака, како и други финансирања или капитал за работа, неопходен за изведбата на странски трговски договори чија страна е Под-заемопримачот, или пак е потребен почетен капитал за одредени проекти или инвестициски програми.

4. Ниту еден Под-заем не може да се користи за финансирање на следните добра или услуги:

- производство или трговија со оружје или воена опрема;
- производство или трговија со тутун и тутунски производи;
- Производство или трговија со тешки алкохоли (секој производ кој во својот состав содржи повеќе од 12 проценти (12%) алкохол);
- казина или други институции за коцкање;
- ризични инвестициски активности и инвестирање во акции; и
- какви било активности кои се наоѓаат на Листа за економски и социјални исклучувања наведена во (*Листа на еколошки и социјални исклучувања)*; и

5. Секој Под-заем може да се продолжи во согласност со тековните правила на банката, и Под-заемопримачот ќе се оценува врз основа на анализа за разумен финансиски сооднос (вклучувајќи го соодносот во смисла на капиталот и степенот на покриеност на долг).

6. Секој Под-заем е предмет на такви други правила и услови кои се соодветно потребни за да се постигне целосна согласност со одредбите од овој Договор, како и употребата на средствата која треба да биде во согласност со сите применливи закони и прописи кои се на сила во Република Македонија.

HALKBANK

## Листа на еколошки и социјални исклучувања

Следните активности, производи и состојки **не се прифатливи** за ТФП трансакции. Во прилог кои било баратели или крајни корисници[1] вклучени во такви трговија со такви производи **не се прифатливи** за ТФП трансакции.

- Трговија со диви животни или производство или трговија со производи од диви животни регулирани во рамки на Конвенцијата за меѓународна трговија со загрозени видови или дива фауна и флора (ЦИТЕС);[2]
- Ослободување на генетски модифицирани организми во животната средина (ГМО) или трговија со ослободување на ГМО во животната средина;
- Производство, дистрибуција, продажба и трговија со пестициди, хербициди, лекови и други опасни супстанции, кои се предмет на меѓународни исклучувања или забрани;[3]
- Риболов со користење на мрежи во морската околина со мрежи кои надминуваат 2.5 км во должина;
- Производство, складирање, преработка, депонирање или трговија со радиоактивни материјали и радиоактивен отпад, со исклучок на трговија со медицинска или опрема за контрола на квалитетот, каде што радиоактивниот извор е тривијален и/или соодветно заштитен;
- Производство или трговија на производи кои содржат ПЦБ (полихлорирани бинефили);[4]
- Производство, употреба, или трговија со неврзани влакна на азбест или производи кои во својот состав содржат азбест;
- Прекугранична трговија со отпад или отпадни производи;
- Испорака на нафта или други опасни материи во резервоари кои не се во согласност со условите на ИМО;[5]
- Производство, употреба или трговија со хлорофлуорокарбонати (ЦФЦ), халони и други материи кои се разложуваат во озонот, се предмет на меѓународно исклучување;[6]

---

[1] Забележете дека за целта на ова упатство, треба да бидат засегнати само крајните корисници лоцирани во земјите членки на ОЕЦД.

[2] Листите на CITES за заштитени видови се достапни на: www.cites.org/eng/app/index.shtml.

[3] Поврзани документи се: Регулатива на ЕУ (ЕЕС) Бр. 2455/92 во врска со извозот и увозот на одредени опасни хемикалии, со измените; Консолидирана листа на ОН за производи чија конзумација и/или продажба е забранета, повлечена, строго ограничена или недозволена од страна на Владите; Конвенција за претходно усогласена постапка за одредени опасни хемикалии и пестициди во меѓународната трговија (Ротердамска конвенција); Стокхолмска конвенција за неразградливи органски загадувачи; СЗО Класификација на пестициди класифицирани по опасност.

[4] PCB: Полихлорирани бифенили – група на високо отровни хемикалии PCB најчесто се наоѓаат во електрични трансформатори со гориво, кондензатори и постројки кои датираат од период од 1950-1985.

[5] Ова вклучува: резервоари кои ги немаат сите потребни MARPOL и SOLAS лиценци (вклучувајќи, без ограничување, усогласеност на ISM код), резервоарид кои се на црната листа на Европската унија, или се забранети со Парискиот меморандум за разбирање за државна пристанишна контрола (Париз MOU), и резервоари кои се исклучени во рамки на регулативите 13Г и 13Х од Анекс I од MARPOL. Не треба се користи ниту еден танкер кој е постар од 25 години.

[6] Материи кои го осиромашуваат озонот(ODS): Хемиски соединенија кои регаираат со и го разложуваат стратосферскиот озон, што резултира со големи ‘озонски дупки’. Монтреалскиот протокол ги наведува ODS и нивните крајни датуми на намалување и исклучување. Листи од хемиските соединенија регулирани со Монтреалскиот протокал, кој вклучува аеросоли, ладилни флуиди, пенести агенси, растворувачи, како и агенси за зачита од пожари, заедно со детали за земјите потписнички и датуми за исклучување, кои се достапни преку EBRD.

- Производство или трговија со дрва и/или основни шумски производи[7] освен доколку е потврдено дека дрвото е со легално и одржливо потекло;[8]
- Производство или трговија со палмово масло, освен доколку е од производители сертифицирани од страна на РСПО, или се наоѓа во постапка за сертификација. [9]
- Производство на соја во регионот на Амазон или трговија со соја произведена во регионот на Амазон, освен доколку е од производители сертифицирани од страна на РТПС; [10]
- Производство на памук во Узбекистан или трговија со памук[11] произведен во Узбекистан;
- Активности кои вклучуваат штетни или експлоатирачки форми на принудна работа или работа на деца, дискриминирачки практики или практики кои ги спречуваат вработените од легално искористување на своите права поврзани со здружување и колективно договарање;[12]
- Активности кои се забранети со законодавството на земјата домаќин, или меѓународни конвенции во врска со заштитата на ресурсите на биолошката разновидност или културното наследство;[13]
- Други активности кои ги нарушуваат (националните) здравствени, безбедносни, трудови и закони и прописи на животната околина на земјата домаќин;
- Недостаток на лиценци за извоз или увоз или други докази за надлежност на транзит од/до земјата на извоз/увоз.

[7] Основни шумски производи вклучуваат исечени дрва и остатоци при обработката на дрво.

[8] Прифатливи системи за потврдување вклучуваат:: (i) сертификат за одржлив менаџмент од FSC (Совет за шумска рекреација) или PEFC (Пан-Европски шумски сертификат); (ii) сопствен систем за менаџмент набавка на дрва на купувачот или продавачот, како и систем за контрола како што е FSC Системот за синџирот на одговорност или контролирано дрво; или (iii) други системи за следење на потекло потврдени од позната трета страна.

[9] Тркалезна маса за одржливо палмино масло, http://www.rspo.org/. За одгледувачите на палмово масло кои подлежат на серитификација од страна на RSPO, да бидат прифатливи, најмалку известување за RSPO P&C процена треба да биде објавено на веб страната на RSPO.

[10] Тркалезна маса за одговорни здруженија за соја, http://www.responsiblesoy.org/.

[11] Ова вклучува семе од памук, влакненца од памук и конец од памук.

[12] Дополнителни документи се ILO Декларација за основни принципи и права за работа, и ILO конвенции 29 и 105 (принудна и робовска работа), 87 (слобода на здружување), 98 (право на колективно договарање), 100 и 111 (дискриминација), 138 (минимална возраст) 182 (најлоши форми на детска работа).

[13] Релевантни меѓународни конвенции кои без исклучок вклучуваат:Конвенција за заштита на преселни видови на диви животни (Бонска конвенција); Конвенција за мочуришта од меѓународно значење, особено како живеалишта на водните птици (Рамсар конвенција); Конвенција за заштита на европските диви животни и природните живеалишта (Бернска конвенција); Конвенција за светско наследство; Конвенција за биолошка разновидност.